**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 47 став 1 алинеја 6 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18) и член 103 став 1 точка 2 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15 и 190/16), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

# ОДЛУКА

## за изменување и дополнување на Одлуката за видовите и содржината на финансиските извештаи на банките и белешките кон тие извештаи („Службен весник на Република Македонија" бр. 149/18)

1. Во Одлуката за видовите и содржината на финансиските извештаи на банките и белешките кон тие извештаи („Службен весник на Република Македонија" бр. 83/17), во точка 3 став 5, по зборовите: „од податоците за", се додаваат зборовите: „тековната и за".

2. Во точка 8 став 1 зборовите: „, 1.Б.3", се бришат.

3. Во прилогот „Финансиски извештаи", белешката „1.Б.3", се брише.

4. Оваа одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**О бр. 02-15/XIII-2/2018**
**9 август 2018 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка**
**на Република Македонија**
**Д-р Анита Ангеловска-Бежоска**